Врз основа на член 92, став 10 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“бр.63/06 и 36/07) Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 16 април 2007 година, донесе:

# ПРАВИЛНИК ЗА УСЛОВИТЕ, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА СТЕКУВАЊЕ И ПРЕСТАНУВАЊЕ НА СВОЈСТВОТО НА КВАЛИФИКУВАН ПОТРОШУВАЧ НА ПРИРОДЕН ГАС

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1
### Предмет на уредување

Со овој Правилник се уредуваат условите, начинот и постапката за стекнување и престанување на својството на квалификуван потрошувач на природен гас, како и начинот на водење, одржување и објавување на листата на квалификувани потрошувачи на природен гас.

### Член 2
### Примена на Правилникот

Во согласност со одредбите од овој Правилник, со својство на квалификуван потрошувач на природен гас (во понатамошниот текст: квалификуван потрошувач), можат да се стекнат постојните тарифни потрошувачи како и идните потрошувачи на природен гас кои што ги исполнуваат условите за стекнување на својство на квалификуван потрошувач утврдени во Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/06 и 36/07), односно во одлуката на Владата на Република Македонија, донесена врз основа на член 92, став 2 од Законот за енергетика.

## II. ПОСТАПКА ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА СВОЈСТВО НА КВАЛИФИКУВАН ПОТРОШУВАЧ

### Член 3
### Барање за стекнување на својство на квалификуван потрошувач

Барањето за стекнување на својство на квалификуван потрошувач (во понатамошниот текст: Барање) се доставува во писмена форма до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија (во понатамошниот текст Регулаторна комисија за енергетика), потпишано од лицето овластено за застапување и претставување на барателот и заверено со печат на барателот и треба на јасен и недвосмислен начин да ги содржи намерите на барателот за стекнување на својство на квалификуван потрошувач.

Кон барањето од став 1 на овој член барателот е должен да достави и:

- пополнет образец за Барање за стекнување на својство на квалификуван потрошувач заверен со потпис и печат на барателот (**Образец БКП**, содржан во **Прилог 1** кој што е составен дел од овој Правилник);
- потребна документација наведена во член 4 на овој Правилник; и

- изјава за веродостојноста на Барањето и доставената документација, потпишана од лицето овластено за застапување и претставување на барателот, содржана во **Прилог 2** кој што е составен дел на овој Правилник.

Еден примерок од Барањето од алинеа 1 и изјавата од алинеа 3 на став 2 на овој член се доставува и во електронска форма.

Пред поднесувањето на Барањето, барателот е должен да ги определи документите кои што се од доверлив карактер, во спротивно ќе се смета дека доставените документи не се од доверлив карактер.

### Член 4
### Документи што се доставуваат кон Барањето

Кон Барањето е потребно да се достават следниве документи:

1. решение за упис во трговскиот регистар;
2. одлука на органот на управување за престанување на својство на тарифен потрошувач на природен гас и за отпочнување на постапка за стекнување на својство на квалификуван потрошувач на природен гас;
3. доказ дека го известил снабдувачот на тарифни потрошувачи преку кој тој се снабдува со природен гас, за намерата да отпочне постапка за стекнување на својство на квалификуван потрошувач (за постојните тарифни потрошувачи);
4. копие од последниот договор за снабдување со природен гас со снабдувачот на природен гас на тарифни потрошувачи (за постојните тарифни потрошувачи);
5. потврда издадена од постојниот снабдувач на тарифни потрошувачи дека барателот нема долг кон него или потврда за договорно разрешување на долгот (за постојните тарифни потрошувачи);
6. согласност за приклучување на системот за пренос/дистрибуција на природен гас;
7. план за месечна и годишна потрошувачка на природен гас за тековната и наредната календарска година, потврдено со изјава потпишана од лицето овластено за застапување и претставување на барателот.

Документите од став 1 на овој член се доставуваат во еден примерок, во оригинал или во фотокопија заверена од нотар.

Потврдата од точка 5 на ставот 1 на овој член, постојниот снабдувач на тарифните потрошувачи е должен да ја издаде во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето за издавање на таква потврда.

Доколку постојниот снабдувач на тарифните потрошувачи не ја издаде потврдата од ставот 1 точка 5 на овој член во рокот утврден во став 3 на овој член, Барателот е должен како прилог да достави документ од кој ке се гледа дека до постојниот снабдувач на тарифни потрошувачи има уредно доставено барање за потврдата, (со датум на предавање и датум на прием на барањето за потврда), при што во постапката за разгледување на Барањето за стекнување на својство на квалификуван потрошувач, од страна на Регулаторната комисија за енергетика ќе се смета дека во однос на точката 5 од ставот 1 на овој член барањето е уредно .

**Член 5**
**Отпочнување на постапката**

Постапката за стекнување на својство на квалификуван потрошувач отпочнува со денот на приемот на Барањето и потребните документи во архивата на Регулаторната комисија за енергетика.

Поднесеното Барање задолжително се заведува во деловодникот на Регулаторната комисија за енергетика и на подносителот му се издава потврда дека е примено барањето со заверена листа на примени документи.

**Член 6**
**Разгледување на барањето**

По добивањето на Барањето, Регулаторната комисија за енергетика утврдува дали е доставена потребната документација за стекнување на својство на квалификуван потрошувач, како и тоа дали документацијата е доставена на пропишан начин и форма.

Регулаторната комисија за енергетика е должна во рок од три работни дена од денот на приемот на Барањето да донесе заклучок за тоа дали се исполнети условите од став 1 на овој член.

Еден примерок од заакључокот од став 2 од овој член, Регулаторната комисија за енергетика доставува до барателот.

**Член 7**
**Постапување со формалните недостатоци на барањето**

Ако Регулаторната комисија за енергетика утврди дека барањето има формални недостатоци, односно не се доставени потребните документи од член 3 и 4 и/или документите не се доставени на начин пропишан со овој Правилник, ќе донесе заклучок со кој се утврдува дека барањето е нецелосно.

Во заклучокот од став 1 на овој член, Регулаторната комисија за енергетика, ќе му укаже на барателот за формалните недостатоци и ќе му определи рок во кој треба да се отстранат утврдените недостатоци во барањето.

Рокот од став 2 на овој член не може да биде подолг од седум работни дена од денот на доставување на заклучокот до барателот.

Ако барателот не ги отстрани недостатоците во рокот определен во заклучокот од став 2 на овој член Регулаторната комисија за енергетика ќе донесе решение за отфрлање на барањето како нецелосно.

**Член 8**
**Постапување со уредно барање**

Ако Регулаторната комисија за енергетика утврди дека барањето нема формални недостатоци, ќе донесе заклучок за уредност на барањето и ќе закаже подготвителна седница која треба да се одржи во рок од седум работни дена од денот на донесување на заклучокот за уредност на барањето за стекнување на својство на квалификуван потрошувач.

За присуство на подготвителната седница по правило се повикуваат овластени претставници на:

- подносителот на барањето;
- снабдувачот на тарифни потрошувачи на природен гас преку кој барателот се снабдувал со природен гас;

- операторот на системот за пренос на природен гас и/или операторот на системот за дистрибуција на природен гас и
- органот на државната управа надлежен за работите на енергетиката.

**Член 9**
**Решение за стекнување на својство на квалификуван потрошувач**

Регулаторната комисија за енергетика во рок од три работни дена од денот на завршувањето на подготвителната седница ќе одржи редовна седница на која ќе донесе решение во врска со барањето за стекнување на својство на квалификуван потрошувач.

Ако Регулаторната комисија за енергетика утврди дека не се исполнети условите за стекнување на својство на квалификуван потрошувач ќе донесе решение за одбивање на Барањето.

Ако Регулаторната комисија за енергетика утврди дека се исполнети условите, ќе донесе решение за стекнување на својство на квалификуван потрошувач.

Решението од став 3 на овој член по правило се издава на неопределено време, а отпочнува да се применува од првиот ден на наредната календарска година.

Решението од став 3 од овој член, Регулаторната комисија за енергетика е должна да го објави „Службен весник на Република Македонија“ и на својата веб страница.

Решението од став 3 на овој член Регулаторната комисија за енергетика го доставува до:

- подносителот на барањето,
- снабдувачот на тарифни потрошувачи на природен гас преку кој барателот се снабдувал со природен гас и
- операторот на системот за пренос на природен гас и/или операторот на системот за дистрибуција на природен гас.

**Член 10**
**Примена на Деловникот за работа на Регулаторната комисија за енергетика**

Одредбите од Деловникот за работа на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, бр. 01-171/1 од 29.12.2003 година, соодветно се применуваат на организирањето и одржувањето на подготвителната седница и редовната седница на Регулаторната комисија за енергетика.

## III. ПОСТАПКА ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА СВОЈСТВОТО НА КВАЛИФИКУВАН ПОТРОШУВАЧ

**Член 11**
**Промена на својството на квалификуван потрошувач во својство на тарифен потрошувач**

Престанувањето на својството на квалификуван потрошувач се врши со промена на својството на квалификуван потрошувач во својство на тарифен потрошувач.

Квалификуваниот потрошувач кој има намера да го промени својството на квалификуван потрошувач во својство на тарифен потрошувач, е должен во писмена форма до Регулаторната комисија за енергетика да поднесе барање за промена на својството на квалификуван потрошувач во тарифен потрошувач.

Барањето за промена на својството на квалификуван потрошувач во тарифен потрошувач не може да се поднесе во истата календарска година во која потрошувачот се стекнал со својството на квалификуван потрошувач.

Барањето од став 2 на овој член се поднесува најдоцна до 30 септември од тековната календарска година, а ќе се однесува за периодот од први јануари во наредната година.

Без оглед на тоа кога е поднесено барањето од став 2 на овој член, својството на квалификуван потрошувач не може да престане пред истекот на календарската година во која е поднесено барањето.

**Член 12**

**Содржина на барањето за промена на својство на квалификуван потрошувач во својство на тарифен потрошувач**

Барањето за промена на својство на квалификуван потрошувач во својство на тарифен потрошувач треба да содржи:

- копија од постоечкото решение со кое потрошувачот се стекнал со својство на квалификуван потрошувач;
- образложение зошто се бара промена на својство на квалификуван потрошувач во својство на тарифен потрошувач;
- одлука на органот на управување за отпочнување на постапка за промена на својство на квалификуван потрошувач во својство на тарифен потрошувач;
- изјава за планирано ниво на потрошувачка на природен гас во наредната година;
- пред договор за снабдување со природен гас со носителот на лиценца за снабдување на тарифни потрошувачи со природен гас;

Во зависност од наводите од став 1 од овој член, Регулаторната комисија за енергетика може со заклучок да определи да се достави дополнителна документација потребна за донесување на одлука за промена на својство на квалификуван потрошувач во својство на тарифен потрошувач.

**Член 13**

**Постапка за промена на својство на квалификуван потрошувач во својство на тарифен потрошувач**

На постапката за промена на својство на квалификуван потрошувач во својство на тарифен потрошувач соодветно се применуваат одредбите од овој Правилник коишто се однесуваат на постапката за стекнување на својство на квалификуван потрошувач.

Регулаторната комисија за енергетика најдоцна седум работни дена од денот на приемот на барањето за промена на својство на квалификуван потрошувач ќе закаже подготвителна седница за разгледување на барањето за промена на својство на квалификуван потрошувач.

Регулаторната комисија за енергетика во рок од три работни дена од денот на завршувањето на подготвителната седница ќе одржи редовна седница на која ќе донесе решение во врска со барањето за промена на својство на квалификуван потрошувач.

Решението од став 3 на овој член отпочнува да се применува од првиот ден на наредната календарска година.

Решението од став 3 од овој член, Регулаторната комисија за енергетика е должна да го објави „Службен весник на Република Македонија“ и на својата веб страница.

Решението од став 3 на овој член Регулаторната комисија за енергетика го доставува до:

– подносителот на барањето,
– снабдувачот на тарифни потрошувачи на природен гас преку кој барателот ќе се снабдува со природен гас и

– операторот на системот за пренос на природен гас и/или операторот на системот за дистрибуција на природен гас.

## IV. ЛИСТА НА КВАЛИФИКУВАНИ ПОТРОШУВАЧИ

### Член 14
### Водење на листа на квалфикувани потрошувачи

Регулаторната Комисија за енергетика води листа на квалфикувани потрошувачи, согласно Образецот за водење на листа за квалификувани потрошувачи од Прилогот 3, кој што е составен дел на овој Правилник.

Листата од став 1 на овој член содржи податоци за:

- поднесеното барање;
- број на решение за стекнување својство на квалификуван потрошувач;
- име, даночен број и матичен број на квалификуваниот потрошувач;
- седиште на квалификуваниот потрошувач;
- датум на издавање на решението.

Регулаторната комисија за енергетика, на својата веб страница, ја објавува, редовно ја одржува и обновува листата на квалификувани потрошувачи.

## V. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

### Член 15
### Влегување во сила на Правилникот

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**Скопје 16 април 2007 година**
**Бр.01-656/1**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Славе Ивановски**

**ПРИЛОГ 1**

## ОБРАЗЕЦ ЗА БАРАЊЕ ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА СВОЈСТВО НА КВАЛИФИКУВАН ПОТРОШУВАЧ

Образец - БКП

| | | |
|---|---|---|
| Регулаторна комисија за енергетика | **БАРАЊЕ ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА СВОЈСТВО НА КВАЛИФИКУВАН ПОТРОШУВАЧ** | Република Македонија |

| | |
|---|---|
| **Име и адреса на Барателот** | **Приемен печат на Регулаторната комисија** |
| **Лице определено за контакт од Барателот**<br><br>**Име и презиме:**<br>**Адреса:**<br>**Телефон:**<br>**Факс:**<br>**Е-пошта (e-mail):** | |

**ОПШТИ УПАТСТВА :**

- Барањето за стекнување на својство на квалификуван потрошувач се пополнува електронски на компјутер, на машина за пишување или со сино пенкало;
- Сите глави од Барањето за стекнување на својство на квалификуван потрошувач треба да бидат пополнети од страна на барателот и заедно со потребната документација треба да се поднесат до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија;
- Доколку Барањето за за стекнување на својство на квалификуван потрошувач го пополнувате на компјутер, одговорите впишете ги во сивите полиња и квадрати. (Движењето по полињата се прави со притискање на Tab ⇆ командата од тастатурата или со притискање на курсорот, односно со двоен клик за пополнување на квадратите).

### I. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА БАРАТЕЛОТ

| 1. Име на Барателот (фирма) | 1.1 Скратен назив (фирма) на Барателот |
|---|---|
| | |

**2. Седиште на Барателот**

| | |
|---|---|
| **Улица:**<br>**Број:**<br>**Општина:**<br>**Место:**<br>**Држава:** | **Телефон:**<br>**Телефакс:**<br>**Е-пошта (e-mail):** |

**3. Форма на организација на Барателот**

☐ Трговец - поединец
☐ Јавно трговско друштво
☐ Командитно друштво
☐ Командитно друштво со акции
☐ ДОО/ДООЕЛ
☐ Акционерско друштво
☐ Стопанска интересна заедница
☐ Подружница на странски субјект

**4. Број на деловниот субјект - Барателот**

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |

**5. Број на регистарска влошка**

| | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | ? | - | | - | | | - | | | |

**6. Единствен даночен број (ЕДБ)**

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | |

**7. Датум на упис/регистрација**

**8. Број на решение на упис/регистрација**

**9. Назив на судот/органот кој го извршил уписот**

**10. Претежна дејност (шифра и назив)**

**11. Лица овластени за застапување, орган на управување и орган на надзор (за странските лица број на пасош или лична карта или друга исправа за утврдување на идентитет - важечка во нивната земја или регистарски број за правното лице).**

**Презиме:** **Име:**

**ЕМБГ:**

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | |

**Државјанство:**

**11.1 Својство**

**11.2 Адреса**

| | |
|---|---|
| **Улица:** | **Телефон:** |
| **Број:** | **Телефакс:** |
| **Општина:** | **Е-пошта (e-mail):** |
| **Место:** | |
| **Држава:** | |

| II. ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕТХОДНИТЕ ДЕЛОВНИ АКТИВНОСТИ НА БАРАТЕЛОТ |
| --- |
| |
| 1. Дали прв пат поднесувате барање за стекнување на својство на квалификуван потрошувач? |
| ДА ☐ НЕ ☐ |
| 2. Дали претходно сте имале склучен договор за купување на природен гас? |
| ДА ☐ НЕ ☐<br><br>Ако ДА, наведете го претпријатието со кое е склучен договорот, временскиот период на траење на договорот и договорената количинатна природен гас(за секој договор пооделно). |

**ПРИЛОГ 2**

# ИЗЈАВА ЗА ВЕРОДОСТОЈНОСТА НА ПОДНЕСЕНИТЕ ПОДАТОЦИ И ДОКУМЕНТАЦИЈА ОД СТРАНА НА ОДГОВОРНИТЕ ЛИЦА ВО ПРЕТПРИЈАТИЕТО

**1. Јас долу потпишаниот, изјавувам под кривична, материјална, и морална одговорност дека податоците презентирани во прилог на барањето за стекнување на својство на квалификуван потрошувач, доставени до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, а кои се однесуваат на претпријатието, се точни и веродостојни и во целост одговараат на фактичката состојба на барателот.**

| | |
|---|---|
| **Име на претпријатието:** | |

| | Име и презиме | Потпис |
|---|---|---|
| Одговорно лице<br>(Директор на претпријатието) | | |

| | |
|---|---|
| **Датум:** | **Место:** |
| **М.П** | |

**Потпис на одговорното лице:**

## ПРИЛОГ 3
## Образец за водење на листа на квалификувани потрошувачи

**Образец - ЛКП**

| ОБРАЗЕЦ ЗА ВОДЕЊЕ НА ЛИСТА НА КВАЛИФИКУВАНИ ПОТРОШУВАЧИ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Име на квалификуваниот потрошувач | Седиште на квалификуваниот потрошувач | Даночен број на квалификуваниот потрошувач | Матичен број на квалификуваниот потрошувач | Број и датум на издавање на решение | Датум на отпочнување на важење на решението | Забелешка (број и датум на решение за промена на својство на квалификуван потрошувач) |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |